Четврток, 2 Август 2018 - 15:39

НЕЗАВИСЕН весник

(/)

# Владата ќе потроши десетици милиони евра за програми за младите

Објавено: 20-03-2018, 19:03



-Отпочнавме процеси за финансиска поддршка за технолошки развој на компаниите и покривање со 30 отсто од трошоците со кои ќе се стимулира обука и стручно усовршување на нововработени млади луѓе, рече Заев. Притоа, потенцираше дека се донесени одлуки за формирање важни работни групи за младински политики.

- Работна група за препознавање на младинската работа, работна група која ќе го дефинира ко-менаџмент телото за координација помеѓу младинските организации и институциите и за структурен дијалог, работна група за сеопфатно сексуално образование, работна група за средношколско демократско организирање, работна група за студентско демократско организирање, работна група за мапирање зелени работни места и нивно поврзување со невработеноста на младите во земјава и работна група за изработка на програма за сеопфатна грижа и лекување на малолетни корисници на психоактивни супстанци, изјави на прес-конференцијата премиерот.

Директорот на Агенцијата за млади и спорт рече дека оваа тематска седница на Владата е резултат на неколку консултативни средби организирани од страна на АМС со дел од Владата на Република Македонија, од која што упатените сугестии и препораки од дел од младинските организации кои што, како што рече тој, на оваа тематска седница беа преточени во конкретни заклучоци, што треба да се реализираат во периодот што следи.

- Со ова покажуваме дека ја менуваме перцепцијата за Агенцијата за млади и спорт, која повеќе не е само Агенција која се занимава само со спорт, туку напротив, силно ќе ги поддржи младите и младинските политики, мерки и проекти, кои што ќе имаат за цел да го подигнат младинскиот стандард во Македонија, рече директорот на Агенцијата за млади и спорт, Дарко Каевски.

Дона Костуранова, извршна директорка на Младинскиот образовен форум, пак, рече дека да се биде присутен тука денес и да се зборува за младинските политики заедно со Владата е нешто што долго време се бара, и како што потенцираше тоа е значајно за да обезбедиме на најмалку една четвртина од нашите сограѓани простор за личен напредок и перспективи во нашата земја.

## Споделување со вашите пријатели:

Facebook Twitter Google + Pinterest

(https://ww... n/pin/create/button/?
u=https://neza... 03/36257/&medi
&url=https://nezavisen... 2018/03/36257/&via=nezavisen)
content/uploads/2017/12/
влада.jpg&description=
)

**0 Comments** Sort by **Newest**



Add a comment...

Facebook Comments Plugin

## ПОСЛЕДНИ ВЕСТИ



(/mk/vesti/2018/08/76225/)

**Палмер и Бејли на гости кај кавадречкиот градоначалник (/mk/vesti/2018/08/76225/)**



(/mk/vesti/2018/08/76217/)

**Модерен дизајн и врвни перформанси на новиот таблет „Самсунг Галакси С4“ (/mk/vesti/2018/08/76217/)**



(/mk/vesti/2018/08/76215/)

**Малолетник починал на улица во Охрид (/mk/vesti/2018/08/76215/)**


(/mk/vesti/2018/08/76208/)

**Иванов: Го убедуваат народот да изврши правно самоубиство (/mk/vesti/2018/08/76208/)**


(/mk/vesti/2018/08/76206/)

**Охриѓанка најдена мртва во стан во Скопје (/mk/vesti/2018/08/76206/)**


(/mk/vesti/2018/08/76202/)

**Од 1 јануари нема да постои границата меѓу Косово и Албанија (/mk/vesti/2018/08/76202/)**



**Автомобил удри дете во струшко**

(https://goo.gl/vKr52Z)

(http://zmc.mk/)

(http://www.uacs.edu.mk/home/registration/)

(https://mia.mk/)

Copyright © 2018 nezavisen.mk. Сите права задржани

Насловна (/) За нас (/mk/about-us/) Маркетинг (/mk/marketing/cenovnik.pdf)

Услови за користење (/mk/terms-of-use/) Privacy Policy

nezavisen.mk-содржините, графичките и техничките решенија се заштитени со издавачки и авторски права (copyright). Преземањето на авторски текстови е казниво со закон. Дозволено е делумно превземање на авторски

содржини (текст и фотографии) со ставање хиперлинкдо содржината што се цитира. Условите за преземање се објавени тука (http://mk-admin.afp.al/wp-content/uploads/2018/02/УСЛОВИ-ЗА-КОРИСТЕЊЕ.pdf)